Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19,236/22) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 29 април 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија издадена на Друштвото за трговија на електрична енергија ВАТТ анд ВОЛТ ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр.86/19) во Прилогот 1 во точката 1. Назив на носителот на лиценца зборовите “Друштвото за трговија на електрична енергија ВАТТ анд ВОЛТ ДООЕЛ Скопје” се менуваат со зборовите “Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕРЈЕКС ДООЕЛ Скопје”.
2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕРЈЕКС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. “Даме Груев” бр.8 Центар, Скопје (во натамошниот текст: Друштво), на 8 април 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-226/24 од 8 април 2024 година, за настанати промени во називот на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот.

Називот на Друштвото се менува од “Друштво за трговија на електрична енергија ВАТТ анд ВОЛТ ДООЕЛ Скопје” во “Друштво за трговија со електрична енергија ЕНЕРЈЕКС ДООЕЛ Скопје”.

Регулаторна комисија за енергетика во постапката по ова Известување го примени член 32 од Правилникот за лиценци.

Друштвото го комплетираше барањето на 23 април 2024 година, по што Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-796/2 од 29 април 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 29 април 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за менување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија со електрична енергија на Друштвото за трговија со електрична енергија ЕНЕРЈЕКС ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр.12-226/24**
**29 април 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**